Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....14

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници ....16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....18

Плати ....19

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....22

Каматни стапки на депозитни банки ....22

Пазар на капитал ....23

Девизни резерви ....23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2020 година

- Индустриското производство во декември 2020 година забележа раст од 2,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во декември 2020 година се зголемија за 2,3% во однос на декември 2019 година;
- Во 2020 година извозот и увозот забележаа пад од по 10,0%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 9,8%, споредено со 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 189.770 милиони денари, односно 28,5% од БДП, што претставува пониско остварување за 6,9% во однос на 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 243.636 милиони денари, односно 36,6% од БДП, што е за 12,0% повеќе во однос на 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во декември 2020 година се зголемија за 4,7% во споредба со декември 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во декември 2020 година забележа раст од 2,5% во споредба со истиот месец претходната година, што претставува прв раст после оној во февруари 2020 година. Растот во декември се јавува како последица на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија од 3,3% (придонес од 2,5 п.п.) и Рударство и вадење камен од 10,2% (придонес од 1,1 п.п.). Енергетскиот сектор забележа пад од 6,1% (придонес од -0,7 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во декември 2020 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 60,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во декември 2020 година е забележан кај производството на моторни возила од 15,3% и придонес од 1,9 п.п., како и кај производството на електрична опрема од 15,4% и придонес од 0,7 п.п.. Производството на фармацевтски производи и препарати, коешто во изминатиот период беше значаен ублажувач на падот, во декември 2020 година бележи пад од 4,6% и придонес од -0,1 п.п.. Од традиционалните гранки, во декември 2020 година прехранбената индустрија бележи раст од 3,6% (придонес од 0,3 п.п.), додека производството на тутунски производи бележи пад од 55,7% (придонес од -1,0 п.п.), а производството на облека пад од 10,1% (придонес од -0,8 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, декември 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Растот на производството според намената на произведените единици во декември 2020 година е главно последица на зголеменото производство кај интермедијарните производи за широка потрошувачка, освен енергија, од 16,6% и придонес од 4,7 п.п..




На кумулативна основа, во 2020 година е забележан пад од 9,5%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 9,9% (придонес од -7,6 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,1% (придонес од -1,2 п.п.), и Рударство и вадење камен од 6,3% (придонес од -0,7 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на фармацевтски производи и препарати од 0,3 п.п. при раст од 11,6%, како и производството на производи од гума исто така од 0,3 п.п. при раст од 11,5%.

Според намената на произведените единици, пад во 2020 година бележат сите гранки, а падот е најизразит кај групата Капитални производи од 14,5% и придонес од -3,3 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2020 година е намален за 4,2%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 4,3%, Рударство и вадење камен од 3,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,3%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се поправка на машини и опрема со раст од 33,3%, производство на фабрикувани метални производи од 11,0% и производство на останата транспортна опрема од 9,5%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во сите групи, а тоа е најизразито во групите интермедијарни производи, освен енергија од 6,0% и нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во 2020 година бележи пад од 4,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 5,0%, а Рударство и вадење камен од 1,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од по 1,2%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во 2020 година е намален во сите групи, а падот е најизразит во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 6,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2020 година е поповолна споредено со претходниот месец, а понеповолна во однос на декември 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 69,2% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со ноември 2020 година кога изнесувало 68,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,7 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,3%, неизвесното економско окружување со 18,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,7%, недоволната домашна побарувачка со 13,8%, финансиските проблеми со 9,4% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2020 година споредено со ноември 2020 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2020 година издадени се вкупно 305 одобренија за градење, што

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

претставува раст од 6,6% споредено со истиот месец 2019 година. Во однос на ноември 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 46,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2020 година споредено со декември 2019 година е за 7,7% повисока, а во однос на ноември 2020 година за 94,0%.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(декември 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 181 (или 59,3%) се наменети за објекти од високоградба, 37 (или 12,1%) за објекти од нискоградба и 87 (или 28,6%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 305 издадени одобренија за градба, на 192 објекта (или 62,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 113 објекти (или 37,1%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во декември 2020 година предвидена е изградба на 372 стана, со вкупна корисна површина од 32.203м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 23,2%, а на годишно ниво е намален за 12,1%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2020 година се зголемија за 2,3% во однос на декември 2019 година, забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува најмногу од зголемувањето на цените на храната, алкохолот и енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август со одлука на РКЕ за 7,4%), додека претходниот месец цените регистрираа раст од 2,2% на годишно ниво. Стапката на инфлација за 2020 година изнесува 1,2% и истата е стабилна со најголем придонес од промените на цените на храната.

Од друга страна, стапката на инфлација во еврозоната во декември се намали на 0,3% на годишно ниво. Падот на инфлацијата се должи на остриот пад на цените на



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

енергијата (6,9%) и на индустриските добра (0,5%), но се зголемија цените на храната, алкохолот и на тутунот (1,3%).

Во декември 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 3,2% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Маслото (14,4%), Зеленчукот (9,8%) и Овошјето (5,6%). Највисок годишен раст на цените во декември 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,0%, следен со порастот на цените на Ресторани и хотели од 5,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,6%, Здравствена заштита од 2,3%, Разновидни стоки и услуги од 2,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,7%, Рекреација и култура од 0,9% и Образование од 0,5%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 6,5% и Облека и обувки од 1,1%.

Потрошувачките цени во декември 2020 година се зголемија за 0,4% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени останаа непроменети на месечно ниво). Најголем раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 4,5%, Ресторани и хотели од 2,1%, Рекреација и култура од 1,4%, Здравствена заштита од 1,0% и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,3%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,5%, Облека и обувки, Комуникации и Разновидни стоки и услуги од по 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,7%, додека на месечна основа се зголемија за 1,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2020 година споредено со претходниот месец се зголеми за 15,4% и изнесува 49,9 долари за барел. Во април, кога индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот, цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше нагорен тренд на движење во периодот мај – август 2020 година, за да до крајот на годината продолжи нагорното движење, со помали месечни осцилации.

Споредено со декември 2019 година, цената на нафтата се намали за 24,3%. Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сѐ до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување, тренд којшто се задржа до крајот на годината, со месечен раст од 8,6% во декември.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто продолжи до крајот на годината, со раст на цената од 6,4% во декември споредено со ноември. Во однос на декември 2019 година, цената на никелот се зголеми за 21,6%. Покрај никелот, месечен раст на цената во декември забележаа и другите основни метали. Така, цената на бакарот се зголеми за 9,9%, на калајот за 6,5%, на оловото за 5,5% и на цинкот и алуминиумот за по 4,1%. Во декември 2020 година, цената на железната руда на месечно ниво порасна за 25,0% и изнесуваше 155,4 долари за единица сув метрички тон, што е историски највисоко ниво во последните 10 години.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на цената. Истиот тренд продолжи до крајот на годината, со пад од 0,4% во декември споредено со ноември 2020

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

година. Цените на платината и среброто во декември на месечно ниво се зголемија за 12,8% и 3,7%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во декември 2020 година на месечна основа се зголеми за 4,4%, а цената на пченицата за 1,3%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во 2020 година изнесува 13.372,4 милиони евра и бележи пад од 10,0% во однос на 2019 година. Падот на надворешнотрговската размена главно е одраз на влошеното меѓународно окружување и падот на надворешната побарувачка, коишто се последица од ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,0 п.п. споредено со 2019 година, и изнесува 59,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2020 година изнесува 26,4% и е намалено за 1,2 п.п. во однос на 2019 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2020 година изнесува 5.777,9 милиони евра и бележи пад од 10,0% (643,7 милиони евра) во однос на 2019 година, а физичкиот обем на извозот пад од 10,7%.

Вредноста на извезените стоки во декември 2020 година изнесува 545,3 милиони евра и бележи раст од 8,2% (41,3 милиони евра) во однос на истиот месец 2019

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

година, по растот од 2,0% во ноември 2020 година. Физичкиот обем на извозот е зголемен за 17,0% во споредба со декември 2019 година.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2020 година извозот бележи пад од 5,8% (33,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 4,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (10,1 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 43,4% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, извозот во 2020 година споредено со 2019 година бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 11,2% на годишно ниво, а кај

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

земјите од Западен Балкан пад од 13,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и во земјите од Западен Балкан учествува со 77,5% и 11,0%, соодветно во вкупниот извоз на Република Северна Македонија.

## Увоз

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увезените стоки во 2020 година изнесува 7.594,5 милиони евра и бележи пад од 10,0% (841,8 милиони евра) во однос на 2019 година, а физичкиот обем на увозот пад од 6,1%.

Вредноста на увозот во декември 2020 година изнесува 792,4 милиони евра и бележи раст од 1,4% (11,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, по падот од 6% во ноември 2020 година. Увезените количини стоки се намалени за 13,1%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2020 година увозот бележи раст од 14,0% (97,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 9,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 55,8 | 67,8 | 12,0 | 21,5 |
| Мил. ЕУР | 1.348,7 | 1.154,6 | -194,1 | -14,4 |
| Мил.$ | 1.509,5 | 1.331,4 | -178,1 | -11,8 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 41,8 | 31,9 | -9,9 | -23,8 |
| Мил. ЕУР | 219,1 | 182,7 | -36,4 | -16,6 |
| Мил.$ | 245,2 | 209,4 | -35,8 | -14,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 735,9 | 729,8 | -6,1 | -0,8 |
| Мил. ЕУР | 580,2 | 556,1 | -24,1 | -4,1 |
| Мил.$ | 648,9 | 635,6 | -13,3 | -2,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 841,0 | 783,4 | -57,7 | -6,9 |
| Мил. ЕУР | 431,3 | 362,3 | -69,0 | -16,0 |
| Мил.$ | 482,8 | 413,7 | -69,1 | -14,3 |

*)Претходни податоци



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 77,5 | 69,6 | -7,9 | -10,1 |
| Мил. ЕУР | 947,4 | 854,3 | -93,1 | -9,8 |
| Мил.$ | 1.060,0 | 982,5 | -77,5 | -7,3 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2019 | I-XII-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 71,5 | 65,6 | -5,8 | -8,2 |
| Мил. ЕУР | 752,0 | 686,6 | -65,4 | -8,7 |
| Мил.$ | 841,4 | 789,0 | -52,4 | -6,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 9,8% односно 198,1 милион евра споредено со 2019 година.

Во декември 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 10,9% односно 30,3 милиони евра споредено со истиот месец 2019 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за широка потрошувачка, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во 2020 година 96,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција Грција, Италија, САД, Полска, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 89,3% од трговската размена во 2020 година е реализирана во евра, што во однос на 2019 година претставува зголемување за 3,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,1% и 87,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 6,3 п.п. во однос на 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII- 2019 | | | | | I - XII - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.810,3 | 6.826.599.578 | 61,5053 | 419.872.055.003 | 80,9 | 4.575,7 | 6.624.143.577 | 61,6742 | 408.538.755.772 | 87,2 | -202.456.001 | -3,0 |
| УСД | 2.287,8 | 1.707.977.197 | 54,9505 | 93.854.200.943 | 18,1 | 2.359,4 | 1.023.230.054 | 54,1332 | 55.390.717.136 | 11,8 | -684.747.143 | -40,1 |
| ГБП | 4,5 | 26.807.200 | 70,1158 | 1.879.608.284 | 0,4 | 3,5 | 20.520.546 | 69,4115 | 1.424.361.904 | 0,3 | -6.286.654 | -23,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 7.102,7 | | | 515.605.864.230 | 99,0 | 6.938,6 | | | 465.353.834.811 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 7.122,1 | | | 518.877.645.995 | 100,0 | 6.954,9 | | | 468.387.425.623 | 100,0 | | -9,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 189.770 милиони денари, односно 28,5% од БДП, што претставува пониско остварување за 6,9% во однос на 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 105.713 милиони денари и во однос на 2019 година се намалени за 8,2%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 46.893 милиони денари, што претставува намалување од 9,9% во однос на 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,4%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 72.445 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 25.552 милиона денари (бруто-наплатата е пониска за 7,2%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 1,6% споредено со 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 10,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 0,3%.

Акцизите се остварени во износ од 22.450 милиони денари (учество од 21,2% во даночните приходи), што претставува намалување од 13,9% во споредба со 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 69.343 милиони денари, што претставува 65,6% од вкупните даночни приходи во 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 18.625 милиони денари и бележат пад од 0,4% на годишна основа, при што 60,6% од приходите се од

плата и други лични примања, 11,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 9,0% од приходи по основ на договор на дело, 6,9% од приходи од капитал и 11,6% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 10.497 милиони денари и забележаа помало остварување за 9,2% во однос на претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 7,5%. Намалување од 33,8% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од двојно.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.738 милиони денари и забележаа зголемување од 11,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 510 милиони денари забележаа намалено остварување за 24,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси, во услови на раст на просечната плата, се остварени во износ од 66.564 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,1% споредено со 2019 година, и покрај економската криза. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,4%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,5% и кај придонесите за вработување за 5,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 11.389 милиони денари и во однос на 2019 година забележаа пониско остварување за 39,1% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.846 милиони денари, што е намалување од 22,1% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.071 милион денари и се намалени за 20,7% во однос на 2019 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2020 година изнесуваа 243.636 милиони денари, односно 36,6% од БДП, што е за 12,0% повеќе во однос на 2019 година. Високите расходи се резултат на преземените мерки за справување со здравствено-економската криза.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 227.521 милион денари учествуваа со 93,4% и се зголемени за 14,0% во однос на 2019 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 29.775 милиони денари што претставува зголемување за 7,3% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 15.423 милиони денари и споредено со 2019 година забележаа намалување од 5,2%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 174.292 милиона денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 18,2% споредено со 2019 година и истите учествуваа со 71,5% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 118.014 милиони денари, забележаа зголемување од 9,1% и учествуваа со 48,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 69.004 милиони денари, што е зголемување за 5,9% споредено со 2019 година и учествуваа со 28,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 21,3%, односно се зголемија за 38,7% и се реализирани во износ од 51.948 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 19.031 милион денари забележаа зголемување од 12,7% во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 30.575 милиони денари што е за 66,6% повеќе споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 8.031 милион денари, што е за 0,9% помалку во споредба со 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 8,2%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 5,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 16.115 милиони денари со структурно учество од 6,6% во вкупните расходи, при што забележаа пониска реализација за 9,5% во споредба со 2019 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 3.547 милиони денари, односно 81,7% од планираните за 2020 година, а позначаен износ остварило и Министерството за транспорт и врски (1.960 милиони). Како процент на реализација, од буџетските корисници со позначителен износ на капитални расходи се издвојува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, којашто во 2020 година остварила 95,0% од планираните капитални расходи, односно 1.597 милиони денари.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Буџетско салдо

Во 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 53.866 милиони денари, што претставува 8,09% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 54.007 милиони денари и претставува 8,11% од БДП.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,6% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 56.705 милиони денари што претставува 97,1% од предвидените за оваа година. Отплатата на главнина (41.640 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 73,4%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,1% од вкупните расходи, за што се реализирани 8.020 милиони денари, или 96,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - декември 2020 година реализираше 50.424 милиони денари или 98,2% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 34.687 милиони денари или 98,5% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, коишто учествуваат со 22,5% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 99,4% (11.344 милиони денари) од планираните за 2020 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 24.842 милиона денари, што е 96,5% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (65,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 16.225 милиони денари, односно целиот износ на планирани средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

ставка со учество од 14,8%, за што се потрошени 3.688 милиони денари, односно 98,5% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во 2020 година реализираше вкупно 18.473 милиони денари, односно 97,0% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 92,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 17.139 милиони денари (92,8% од предвидените средства).

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 10.458 милиони денари, што претставува 92,4% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 77,0%, за што се потрошени 8.053 милиони денари или 99,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,7%, за што се реализирани 1.641 милион денари или 83,3% од годишниот план.

Во периодот јануари - декември 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8.796 милиони денари што претставува 98,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 80,6% во вкупните расходи, реализирани се 98,8% од планираните средства или 7.088 милиони денари.

Министерството за одбрана од почетокот на 2020 година заклучно со декември реализираше буџетски средства во износ од 7.892 милиона денари, што е 95,1% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 51,6%, за што во анализираниот период се реализирани 4.069 милиони денари односно сите средства коишто биле предвидени за тековната година. Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 1.840 милиони денари, односно 91,0% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во 2020 година изврши буџетски средства во износ од 7.210 милиони денари, што е 94,2% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 55,4%, за што се потрошени 3.991 милион денари или целиот износ на средства наменет за 2020 година. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество од 37,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 2.667 милиони денари, односно 91,4% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во 2020 година реализираше средства во износ од 2.693 милиони денари, што е 82,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 79,9% од предвиденото (1.960 милиони денари), а учествува со 72,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 174.240 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 14,2% во однос на 2019 година.

Од вкупниот број нововработени 42,7% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2020 година, 21,0% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во декември 2020 година изнесува 245.643, од кои 156.432 се активни баратели на работа, а 89.211 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 29,8%. Силниот пораст на невработеноста којшто започна од април е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица континуирано се зголемува од јануари годинава.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,1%) се градско население, а според половата структура 49,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 26,8% се со завршено средно образование, додека 9,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 51,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 47,4%

од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето-плата во ноември 2020 година оствари годишен раст од 7,0%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (11,2%), Дејности на здравствена и социјаална заштита (11,2%) и Образование (9,5%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 4,7%. По нешто побавниот номинален раст во април и мај, нето-платите продолжија со високите стапки на раст и покрај здравствено-економската криза.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2020 година оствари годишен раст од 7,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,6%), Уметност, забава и рекреација (11,2%) и Образование (10,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,1 %.

## Пензии

Во декември 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.125 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,3% се корисници на старосна пензија, 22,8% се корисници на семејна пензија и 9,9% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2020 година изнесува 15.461 денар и е за 6,0% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,9%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во декември изнесува 16.703 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.980 денари, а просечната семејна пензија 12.437 денари. За исплата на пензиите во декември 2020 година се потрошени 4.958 милиони денари, што претставува 44,9% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(декември 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во декември 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во декември 2020 година, примарните пари[6] се намалија за 6,1% споредено со декември 2019 година. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 25,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 15,5%. На месечно ниво, примарните пари се намалија за 16,3%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 34,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 5,0%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во декември 2020 година се зголемија за 3,0% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 6,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 2,3%.

Од аспект на валутата, во декември 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 4,2%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,3%.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2020 година оствари раст од 5,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 3,6% и 9,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 14,9% и 4,6%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,8%, а долгорочните депозити се намалија за 6,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 434.915 | 3,0% | 5,9% |
| Според валута: | | | |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Денари* | *261.766* | *4,2%* | *3,6%* |
| *Странска валута* | *173.149* | *1,3%* | *9,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *178.992* | *0,4%* | *5,8%* |
| *Долгорочни* | *103.531* | *0,4%* | *-6,3%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **357.296** | **1,1%** | **4,7%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *208.940* | *0,9%* | *4,7%* |
| *Странска валута* | *148.356* | *1,4%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *55.855* | *1,9%* | *-6,2%,* |
| *Долгорочни* | *285.318* | *1,2%* | *8,2%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.717* | *-2,3%* | *-25,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Во декември 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 2,2%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 0,4%. Од аспект на валутата, во декември 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,9%, а девизните кредити овој месец регистрираа раст од 1,4%.

На годишна основа, во декември 2020 година вкупните кредити се зголемија за 4,7%, во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 8,0% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,7%, а кредитите во странска валута за 4,5%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,2%, а краткорочните кредити се намалија за 6,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,63%. Каматната стапка на

денарските кредити се намали за 0,06 п.п. и изнесува 5,02%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,17%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во декември 2020 година изнесува 0,95% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на претходниот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,33% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на ноември 2020, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,55%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 58,6% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од класичното тргување за 65,5% и зголемувањето на прометот од блок трансакците за 35,3%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во декември 2020 година изнесуваше 496,9 милиони денари и истиот е намален за 35,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2020 година изнесуваше 4.704,85 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 5,1%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 1,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2020 година изнесуваа 3.359,87 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 0,3%, а во однос на декември 2019 година регистрираа раст од 3,0%.